# ФЕДЕРАЦИЈА НА УЧИЛИШЕН СПОРТ НА МАКЕДОНИЈА
## MACEDONIAN SCHOOL SPORT FEDERATION

Градски парк бб. Кошаркарска сала Работнички, П.Фах. 5, 1000 Скопје, тел./факс +389 (0) 2 31 16 824
ЕДБ 4030997161050, ЖИРО С-КА 300000000620157, КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА А.Д. СКОПЈЕ
*Web page: http://www.fusmak.org.mk E- mail: fusmakkontakt@yahoo.com*


**Бр. 03 - 91**
**Дата 08. 06. 2022 год.**

## И З В Е С Т У В А Њ Е

Ве известуваме дека **„УЧИЛИШНИОТ СПОРТСКИ КАМП 2022”** под покровителство на Министерството за образование и наука и Агенцијата за млади и спорт на Република Северна Македонија, кој го организира Федерацијата на училишен спорт на Македонија, ќе се одржи во периодот **од 27. 06. 2022 до 09. 07. 2022 во Охрид.**

Учесниците од спортовите: АТЛЕТИКА, КОШАРКА, ОДБОЈКА, РАКОМЕТ, ФУТСАЛ, ШАХ, ПИНГ-ПОНГ, ТЕНИС И СТРЕЛАШТВО, (машки и женски за основни и средни училишта) ќе бидат сместени во
**Студентскиот Дом „НИКОЛА КАРЕВ“ (во центарот на Охрид до хотел Палас).**

**ПРВА смена започнува на 27. 06. 2022 год. (понеделник) со ручек, а завршува на 02. 07. 2022 год. (сабота) со доручек, со учесниците од спортовите: КОШАРКА, ФУТСАЛ, ТЕНИС И СТРЕЛАШТВО (машки и женски за основни и средни училишта).**

**ВТОРА смена започнува на 04. 07. 2022 год. (понеделник) со ручек, а завршува на 09. 07. 2022 год. (сабота) со доручек, со учесниците од спортовите: РАКОМЕТ, ОДБОЈКА, АТЛЕТИКА, ШАХ И ПИНГ-ПОНГ (машки и женски за основни и средни училишта).**

**Учесниците на Кампот треба да обезбедат превоз до местото на одржување и сместување на Кампот, како и спортска опрема за тренинг.**

**Учесниците ЗАДОЛЖИТЕЛНО да носат: согласност од родителот, здравствена легитимација, спортска книшка од ФУСМ или друг личен документ за идентификација.**

Се задолжуваат одговорните во општинските организации за училишен спорт, членови на извршниот одбор и наставниците учесници на Државните натпревари, да ги известат учениците кои ќе учествуваат на Кампот.

**Одговорни лица за Кампот:** Тони Караколев 076 / 685 - 432, Милан Колев 070 / 319 - 622 и Глигор Христов 070 / 623 – 463.

**Одговорни лица по спортови:** Ракомет - Јорданчо Георгиевски 070/631-813; Футсал - Славчо Давитковски 076/395-303 и Седадин Али 078/235-630; Одбојка - Дејан Димоски 078/201-212; Кошарка - Драган Јанков 075/466-260; Атлетика - Дејан Ангеловски 070/555-563; Стрелаштво – Илија Ангелески 075/936-023; Тенис – Ангелчо Колев 070/370-404; Пинг - понг – Зоран Јовановски 075/205-306 ; Шах – Борис Лушевски 078/496-045;

Сите ученици кои се стекнале со право да учествуваат на Кампот како и сите дополнителни информации се објавени на Веб страната на Федерацијата на училишен спорт на Македонија **www.fusmak.org.mk**

**Координатор на Кампот:**

**Претседател на ФУСМ:**